РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1056
Скопје, 14 јуни 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

## Содржина на Билтен број 1056 од 14 јуни 2013 година


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Менаџмент,** осмо издание, од **проф. д-р Бобек Шуклев,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........1-14

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по предметите од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Илина Јакимовска**)..........15-31
2. Рецензија на ракописот под наслов **Каталог на земјотресите во Република Македонија 1981-1990,** од **д-р Лазо Пекевски,** пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје..........32-35

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Маја Наумовска, Анета Маџаров, Татјана Игњатовска Петковска, Катерина Секулоска, Александар Ѓоргиев, Катерина Сулева, Лујза Серафимова, Кристина Доновска, Јована Аполеска, Авни Кастрати, Беким Каноли, Валентина Јакевска, Симона Петковска Ендековски, Александар Зарков, Сања Давидовска, Марија Георгиевска**)..........36-37

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Сашо Спасовски, Даниела Ангеловска, Рушит Јусуфи, Михаил Матески**)..........38

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и инфорациски технолоигии во Скопје (**Сања Ангелова, Ивана Шоповска, Елена Ивановска, Коста Папастеревски, Карина Доневска, Даниел Коцев, Македонка Гуџирова, Никола Христоски**)..........39-40

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Преведување стил: врз примери од англиската книжевност на македонски јазик,** од **м-р Соња Китановска-Кимовска,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје..........41-47

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Драгица Кировска, Александар Радомировиќ, Билјана Хаџи-Јанева, Борче Јоновски, Ана Блажеска, Игор Дуровски, Весна Блажевска Кировска, Марија Николовска, Драган Дурлевиќ, Харитон Гаџоски, Георги Наумовски, Елена Милосковска, Марко Петрушевски, Игор Деспотовски, Радослав Бојаџиевски**)...48-49

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Поврзаност на прекумерната експресија на гените UHRF1, p53 и на микросателитната нестабилност со фенотипот на карциномот на мочен меур,** од **д-р Скендер Саиди,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........50-56

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Општествено-политичкиот живт и културата на живеење на Македонците во Тетово во првата половина на XX век**, од **м-р Бранислав Светозаревиќ**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........57-63

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Бошњаците во Македонија во текот на XX век, со посебен акцент на културата и просветата**, од **м-р Зеќир Рамчиловиќ**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..........64-66
2. Реферат за избор во звањето научен советник на Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Љубица Јанчева**)..........67-74

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Викторија Митрикеска Ѓорѓи Николовски, Кристина Дабевска, Сашка Тодоровска, Магдалена Јовановска, Билјана Михајловска, Воислав Стојановски**)..........75

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Сања Спенџарска, Билјана Коцева, Магдалена Јаневска, Билјана Учета, Ангела Ангеловска Усовска, Маја Трајковиќ, Александра Марковска, Марјан Велковски, Флорија Незири Даути, Миланчо Чанговски, Магдалена Китановска, Јасминка Јакимовска, Радана Костовска Митева, Огнен Коцевски, Анета Димовскам Фиљана Кока, Марија Чанова, Миле Стојковски, Блаже Велковски, Кристина Запатоска, Дарко Николов, Габриела Хаџи-Василева, Зоран Трајковски, Снежана Силјаноска, Наташа Јаневска Николовска, Живка Спасевска, Ениса Демири**)..........76-77

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Просветата и културата на Албанците во Македонија (1944-1960)** од **м-р Мунир Адеми**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..........78-82

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Данијела Таниќ Шаневски, Маргарита Зужелова**)..........83

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Марија Милошевска, Арбен Речица, Ивана Велиновска**)..........84

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Осеоинтеграцијата на едноосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus** од **д-р Владимир Филиповски**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........85-89

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научното звање доцент во научната област автоматика на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Емил Заев**)..........90-102

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Рецензија на докторска дисертација **Развивање ма трофазен модел од конечни и бесконечни елементи за динамичка анализа на почвата**, изработена од **м-р Кемал Един**, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија Скопје..........103-106

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународни односи, на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Јулија Брсакоска Базеркоска)**....................107-123
2. Реферат за избор на наставник на научната област теоретски политички науки на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Ирена Рајчиновска Пандева)**....................124-144

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Халим Хида)**....................145
2. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): методика (методика на работа со ученици со моторни нарушувања), дефектологија и клиничка дефектологија (окупациона терапија, креативна терапија) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Оливера Рашиќ-Цаневска)**....................146-156
3. Реферат за избор на еден наставник во сите звања за научните области (дисциплини): дефендологија, мировни стратегии, теории на глобализацијата, глобализацијата и мирот и креирање на политиките на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Горан Зенделовски)**....................157-165

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Реферат за избор на наставник во звањето насловен доцент во научната област применета кинезиологија по предметот дидактика во физичко образование и спорт на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Серјожа Гонтарев)**....................166-180
2. Реферат за избор на наставник по предметот физичко образование и спорт во Центарот за физичко образование на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Славица Новачевска)**....................181-186
3. Реферат за избор на наставник во звањето насловен доцент во научната област применета кинезиологија по предметот боречки спортови 1, бокс и борење на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Калач Руждија)**....................187-195

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(Убавка Милошеска)**....................196

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во научните области (дисциплини): полемологија, дефендологија и интегрална безбедност на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Тања Милошевска)**....................197-209
2. Рецензија на докторската дисертација **Општествениот контекст и промените во улогите на мајчинството,** од **м-р Викторија Боровска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................210-214

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор во звањето насловен вонреден професор од областа информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Стево Божиновски)**....................215-231

**.ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на надворешната трговија врз економскиот раст во Република Македонија,** изработена од **м-р Искра Станчева Гигов,** пријавена на Економскиот институт во Скопје....................232-238
2. Реферат за избор на еден научен соработник (доцент) во научното поле организациски науики и управување, област: управување со човечки ресурси, на Економскиот институт во Скопје **(д-р Ирина Мајовски)**....................239-253

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот за учебник со наслов **Спортска медицина за физиотерапевти,** за студентите на Медицинскиот факултет во Скопје..........................................254-256
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Процена на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант,** од **м-р Весна Лазаровска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........................................257-261

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден соработник во звањето асистент по наставната дисциплина актерска игра со познавање на албанскиот јазик на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Хисмет Рамадани**)..........................................262-270

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Создавањето на надворешната политика на Европската унија (со осврт на односите со Република Македонија,** од **м-р Енвер Абдулахи,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје..........271-273

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Драган Богдановски-живо и дело (1929-1998)** од **м-р Марјан Иваноски,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..........................................274-278

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање - насловен доцент по предмети од наставно-научната област физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска**)..........................................279-290

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на јавното мислење врз креирањето на јавните политики: владините политики и меѓуетничките односи во Република Македонија (2001-2011),** од **м-р Катерина Вељановска,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје..........................................291-299

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Показатели кои ја предвидуваат прогресијата и исходот кај болни со тешка сепса и септичен шок,** од **д-р м-р Крсто Гроздановски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........................................300-302

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Слободан Калајџиски**)..........................................303-315

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Воведување на користењето на длабоко замрзната сперма во репродукцијата на свињите,** од **м-р Љупчо Мицков,** пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје..........................................316-322

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ТРУД СО НАСЛОВ **„ОСЕОИНТЕГРАЦИЈА НА ЕНДООСЕАЛНИТЕ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАГНОСТИЦИРАН DIABETES MELLITUS“** ОД АС. Д-Р ВЛАДИМИР ФИЛИПОВСКИ,пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје

Наставно – научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 8 редовна седница одржана на 6.6 2013 година, по предлог на Научниот одбор, едногласно донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд поднесен од ас. д-р Владимир Филиповски, под наслов **„Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus“**, во состав:

-Проф. д-р Борис Величковски
-Проф. д-р Мирјана Поповска
-Проф. д-р Јагода Бајевска
-Проф. д-р Татјана Миленковиќ
-Проф. д-р Владимир Поповски.

Рецензентската комисија, по темелното разгледување и проучување на доставениот материјал, на Наставно – научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов **„Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus“**, од ас. д-р Владимир Филиповски, е приложен на 182 страни и содржи 35 слики, 92 табели и 400 графикони.

Структурата на докторскиот труд ја сочинуваат 7 поглавја: вовед и литературен преглед, цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во делот насловен„**Вовед и литературен преглед** “ кој е обработен на 25 страни, авторот ги потенцира општите напомени за денталните импланти. Тој ги насочува читателите дека целта на современата стоматологија е да го поврати изгледот, функционалноста, естетиката и здравјето на усната празнина. Тој, исто така, објаснува дека денталните импланти претставуваат помагала кои се користат во стоматологијата за поддршка на реставрацијата во случај кога недостасуваат одделни заби. Понатаму дава осврт на историскиот развој на денталните импланти започнувајќи од древните Маи, па се до денес. На видовите импланти во делот **„Вовед”** им се посветува посебно внимание, како и на процесот на осеоинтеграција на денталните импланти. Авторот во ова поглавје темелно објаснува кои се факторите што влијаат врз осеоинтеграцијата, потенцирајќи дека некои од нив ја потттикнуваат, а некои ја попречуваат осеоинтеграцијата. Објаснувајќи ја успешноста на осеоинтеграцијата на имплантот, тој потенцира дека врз процесот влијаат и механичкиот стрес и микродвижењата на имплантот. Задржувајќи се на главната тема, посебен акцент дава на дијабетесот како системски фактор кој има свое влијание врз осеоинтеграцијата. Подробно и во детали ги објаснува типовите на дијабетес,

оралните манифестации како и патогенетските случувања при ова заболување и неговите реперкуси врз оралните структури. Според авторите цитирани во литературата, пациентите со слабо контролиран дијабетес не се најадекватни за оралнохируршки интервенции.

Многу студии укажуваат на тоа дека сериозните проблеми поврзани со заздравување на постоперативните рани кај дијабетичарите е резултат на перзистентно покачено ниво на глукоза во крвта.

Хистолошките наоди кај експерименталните животни укажуваат на тоа дека формацијата на колагенската мрежа на екстрахираниот заб е инхибирана кај овие пациенти, што од своја страна довдува до одложено заздравување и зголемена алвеоларна деструкција. Кај пациентите со дијабетес, постоперативното зараснување на раната се одвива побавно, изложувајќи го ткивото на компликации, како на пр. ткивна некроза. Дури и студиите спроведени на животни, индицираат дека дијабетесот индуциран со стрептозотоцин интерферира со процесите на осеоинтеграција.

Според користената литература, авторот потврдува дека хипергликемијата може да доведе до дефектна неутрофилна функција. Фибробластите стануваат дисфункционални поради тоа што глукозата е недостапна за аеробен метаболизам, оштетувајќи ја колагенската наслага и создавањето ендотел. Вазодилатацијата станува инсуфициентна како одговор на повреда или агенс или како дел од репараторниот процес кај пациенти со дијабетес. Оттука, авторот ја потенцира делумната контрверзија за употребата на дентални импланти, што е констатација на поголем број стручни лица од оваа област.

Во поглавјето **„Цел на трудот“** имајќи го предвид претходно изнесеното, авторот ги формира целите на трудот: да ги евалуира резултатите од ефектот на терапијата на имплантите, односно да ја испита состојбата на имплантите, т.е. нивното " преживување " во подолг временски период и нивните изгледи за успех кај едната или другата група испитаници. Исто така, авторот си поставил за цел да го проучи ефектот и исходот од терапијата кај трабекуларниот и кортикалниот тип коскено ткиво, т.е. максила и мандибула, да го истражи влијанието на тераписката процедура, имедијатното протетско оптоварување наспроти одложеното (по осеоинтеграција) протетско оптоварување над имплантите и да ги спореди резултатите на осеоинтеграција и појавувањето на периимплантнната инфекција во двете групи, како и да ја утврди корелацијата помеѓу карактеристиките на болеста и ефектот на терапијата.

Во следното поглавје, **„Материјал и метод на работа“**, приложено на 35 страници, даден е методолошкиот пристап за реализација на поставената цел
во соработка со Клиниката за ендокринологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Во оваа студија се следени вкупно 80 вградени импланти, при што 40 ендоосеални дентални импланти вградени кај клинички здрави лица, а други 40 ендоосеални дентални импланти вградени кај пациенти со дијабетес мелитус. Првата група е поделена на четири подгрупи: подгрупа 1А, во која се опфатени клинички здрави испитаници на кои во горната вилица се вградени 10 импланти со примена на техника на одложено оптоварување, подгрупа 1Б, исто така со клинички здрави лица на кои во горната вилица им се вградени 10 импланти со примена на техника на имедијатно оптоварување, подгрупа 1В, во која се опфатен и клинички здрави индивидуи на ко во долната вилица м се

вградени 10 импланти со примена на техниката на одложено оптоварување, потоа групата 1Г, во која се опфатени испитаници на кои во долната волица им се вградени 10 импланти со примена на техниката на имедијатно оптоварување. Втората група исто така беше поделена на 4 подгрупи: подгрупа 2А, во која се опфатени испитаници со diabetes mellitus на кои во горната вилица се вградени 10 импланти со примена на техника на одложено оптоварување, подгрупа 2Б, исто така кај пациенти со diabetes mellitus на кои во горната вилица им се вградени 10 импланти со примена на техника на имедијатно оптеретување, подгрупа 2В, во која се опфатени индивидуи со diabetes mellitus на кои во долната вилица се вградени 10 импланти со примена на техниката на одложено оптоварување, потоа групата 2Г, во која се опфатени испитаници на кои во долната вилица им се вградени 10 импланти со примена на техниката на имедијатно оптоварување.

Студијата е спроведена во период од три години, каде што за евалуација на успехот на имплантите се користени етаблирани критериуми базирани на повеќе конференции во областа на имплантологијата.

За спроведување на методологијата се користени обрасци со темелно земени податоци, од описот на образецот за која цел е наменет. Спроведен е периотест, одредувани се плак индексот, индексот на крварење, длабочината на пародонталиот џеб, индексот на гингивалната рецесија,како и степенот на коскената ресорпција.Проценката на разградбата на коската е спроведена преку тековна контрола на направените рендгенски снимки. За да се добие метричка големина на дефектот земени се предвид големината на дефектот и познатата должина на имплантот. Одредувана е состојбата околу периимплантното ткиво, кој е главен показател за прогнозата и успешноста на вградениот имплант.

Исто така, спроведена е компјутерска обработка на податоците со помош на програмата Fourth dimension, која служи за обработка на системски специфичните податоци за имплантните системи.

Во поглавјето „**Резултати**", добиените податоци се темелно анализирани, статистички обработени на 84 страници, збогатени со табели и графикони. Во реализираните испитувања авторот регистрирал кај 34 случаи, т.е. кај 42% од вкупната популација индикација за вградување импланти е терминална беззабост. Најчеста причина за загуба на природните заби е пародонтопатија. При имплантацијата, најчесто застапена состојба на коската се опишува како алвеола чија коска целосно е регенерирана. Скоро кај ниту еден имплант на сите контроли не е забележана клиничка подвижност, ниту пак болки и чувствителност на перкусија. Исклучок е само еден испитаник од подгрупата 2Г.

Во поглед на вредноста на периотестот, доминира вредност-5 кај сите подгрупи и тоа при сите четири контроли. Исклучок е само подгрупата 2В, во рамките на која 30-40% од испитаниците имаат вредност на периотест-5
Во поглед на плак контролата, евидентирани се исклучително поволни резултати, т.е. кај 80% од испитаниците не се забележани наслаги односно евидентирана е солидна орална хигиена. Кај 70% од секоја подгрупа не е евидентирана рецесија. Кај преостанатите, каде што сепак е евидентирана рецесија, таа се движела до 2 мм.

Што се однесува до вертикалната коскена ресорпција, нејзината вредност е минимална- под 1 мм, кај 80-100% од секоја подгрупа. Истото важи и за релативната застапеност на вредноста на хоризонталната коскена ресорпција –

под 1 мм кај 80-100% од испитаниците во секоја подгрупа. Во случај да настанала хоризонтална ресорпција, вредноста не е поголема од 1 мм. Овој резултат е евидентиран кај 10-20% од секоја подгрупа.

На крајот од прегледот на резултатите од контролите на параметрите, авторот напоменува дека кај поголемиот број испитаници од сите подгрупи не е забележан периимплантитис (кај над 80% од вкупниот број испитаници во секоја подгрупа не е констатиран периимплантитис), додека пак во случаите во кои е евидентиран периимплантитис, тој е претежно во почетна фаза или цервикално-циркуларно (околу 10% од вкупниот број испитаници од секоја подгрупа соодветно). Само кај еден случај постоело негово експлантирање, што значи дека релативната успешност на имплаците во оваа студија изнесува околу 98,75%.

Студијата покажува дека со правилен избор на високо квалитетен имплантен систем, правилно индицирана и стручно изведена имплантно-протетска реконструкција и строго контролиран дијабетес, пациентите со оваа болест се апсолутно прифатливи за вградување импланти со успешна и долгорочна позитивна прогноза за успешност на имплантите.

Во поглавјето „Дискусија", изнесено на 10 страници, авторот ги споредува и ги коментира сопствените резултати со оние кај цитираните автори. Во текот на испитувањето, авторот регистрирал дека дијабетесот како заболување сериозно влијае врз стапката на успешност на денталните импланти. Најголемиот дел од користената литература се експериментални студии извршени врз животни кои укажуваат на фактот дека од дејството на дијабетесот настанува ремоделирање на коската и недоволна минерализација што води до забавена осеоинтеграција. Некои студии укажуваат дека иако количеството на коскена материја кое е формирано со осеоинтеграција кај животни заболени од дијабетес е слично од коскената маса формирана кај контролната група, сепак кај животните со дијабетес постои помал контакт помеѓу имплантот и коската.

Со примена на светлосна микроскопија, видеоснимки и компјутерска анализа, стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика мереле три параметри: стапка на осеоинтеграција, количество на поврзана коскена маса и фреквенција на контактот.При вградување на титаниумски импланти во бутната коска на глодари, евидентирано е помало формирање нова коскена маса, слично на формирање на нова коскена маса во ендоостеумот и медуларниот канал.

Студијата укажува дека дијабетот ја инхибира осеоинтеграцијата. Се верува дека штетните ефекти врз осеоинтеграцијата ќе се намалат со системска примена на аминогванидин, т.е. одржување ниво на гликемија до нормални вредности. Инсулинската терапија укажува на регулација во формирањето на коската околу имплантите и со тоа го зголемува количеството на формираната коска околу имплантите, односно се зголемува и количеството на новоформираната коскена маса. Резултатите укажуваат дека сепак контактот помеѓу коската и иммплантот кај заболените од дијабетес се разликува од контактот кај лицата од контролната група.

Прегледот на литературата за влијанието на дијабетесот врз стапката на успешност на ендоосеалните импланти укажува на тоа дека стапката на задржување на имплантите кај лица со дијабетес се движи од 88,8 и 97,3% една година по поставување на имплантот, додека пак стапката на добра

функционалност на имплантот една година по поставувањето на имплантот се движи помеѓу 85,6% и 94,6%.

Поглавјето „**Заклучоци**", е презентирано на три страници. Врз основа на добиените резултати и нивната статистичка анализа, авторот го заклучува следново:

Пациентите на возраст помеѓу 45 и 60 години се во најголема мера предиспонирани и одлучни за вградување импланти. Од палетата Ankylos, најзастапен се покажа типот A11. Резултатите покажаа минимален ризик за загуба на имплантите и занемарувачки негативен процент на разлика во успешност на имедијантното оптоварување споредено со техниката за одложено оптварување.

Индексот на крварење, коскена ресорпција и длабочина на пародонтални џебови се во правопропорционална корелација и минимано се застапени кај сите подгрупи.

Кај ниеден пациент со вграден имплант не е откриена луксација, перкуторна осетливост и осетливост на термички дразби. Евидентирана е орална хигиена на високо ниво.

Кај сите подгрупи речиси и да не беше забележана појава на периимплантитис (кај над 80%), додека пак таму каде што е регистриран претежно е во почетна фаза (цервикално-циркуларно). Дефинитивно кај пациентите со дијагностициран дијабетес, честите контроли и редовно регулираниот дијабетес придонесуваат за добра контрола на периимплантната инфекција.

Во поглавјето „ **Литература**" се цитирани 139 референци од домашни и странски автори од понов датум.

## ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија, по разгледувањето на поднесениот докторски труд со наслов "**Осеоинтеграцијата на ендоосеалните дентални импланти кај пациенти со дијагностициран diabetes mellitus** " од ас. д-р Владимир Филиповски , заклучи дека тој претставува самостоен научен труд кој ги задоволува формалните и суштинските аспекти на еден докторски труд, поради што Комисијата со задоволство им предлага на членовите на Наставно - научниот совет да го прифатат позитивниот рецензентски извештај и да му овозможи на кандидатот да ја продолжи понатамошната постапка до јавна одбрана на докторската теза.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

-Проф.д-р Борис Величковски с.р.
-Проф.д-р Мирјана Поповска с.р
-Проф.д-р Јагода Бајевска с.р
-Проф.д-р Татјана Миленковиќ с.р
-Проф.д-р Владимир Поповски с.р.